# ИНФОРМАТИКА

Поголем дел од вас креирале своја електронска адреса и напишале домашна задача. Останатите завршете ги задачите од претходните часови, па продолжуваме понатаму.

Започнуваме со темата **програмирање**. Ќе започнеме со основните чекори во програмирањето во програмскиот јазик C++. Интегрирана развојна околина за пишување на C++ програми е Code::Blocks. Но бидејќи е потребна инсталација за овој програм, ние ќе користиме онлајн околина, за која нема да ни е потребно дополнително инсталирање.

Воведниот час за вашата прва програма проследете го на следниов линк.

https://www.youtube.com/watch?v=tbt-nzNvJ3c&feature=youtu.be

Додека го следите видеото, извршувајте ги задачите, односно испробувајте ги примерите. На овој час ќе научиме како се пишува програма за прикажување на екран, како се дефинираат променливи, од кој тип можат да бидат променливите, како се вршат едноставни математички пресметки.

**Задача: Во електронска порака напишете ги вашите впечатоци за темата програмирање, дали успеавте да ги извршите примерите од видеото, дали имате нешто нејасно од носите содржини. Вашите пораки ги очекувам најкасно до 25.04.2020**, на адресата ***milkomh@gmal.com***.

**Дополнителна настава:** Видовте дека сé што ќе внесеме во наводниците од наредбата cout<< ќе се испечати на екранот. Ќе направиме една ваква вежба:

Внесете го следниот код во компајлерот:

```
// Example program
#include <iostream>
using namespace std;
int main()
{
 cout<< "Jas se vikam Programer.";
 cout<< "Ziveam vo Kocani";
   }
```

Ќе забележите дека излезот ќе биде:

Jas se vikam Programer.Ziveam vo Kocani

За да го добиеме текстот во два реда, односно секоја реченица во посебен ред, потреба е следната промена:

наместо cout<< "Jas se vikam Programer."; напишете

cout<< "Jas se vikam Programer."<<endl;

Каков ќе биде излезот сега???

Која наредба ни го овозможи тоа?

Напишете го новиот излез и наредбата во пораката со домашно.

ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА РАБОТА!!!